Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-256/6
Датум: 29-05-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 256/1 од 16.02.2024 година, поднесена од Марија Ивановиќ од Радовиш, со адреса на ул. „8 – ми Септември“ бр. 59, за сторена дискриминација врз основа на род и родов идентитет во областа на работата и работните односи против Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 14.05.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на род и родов идентитет во областа на работата и работните односи од страна на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија кон Марија Ивановиќ.

## Образложение

На 16.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 256/1 од страна на Марија Ивановиќ за сторена дискриминација врз основа на род и родов идентитет во областа на работата и работните односи против Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

Подносителката на претставката аплицирала за позицијата – помлад јавнообвинителски соработник за казнено право на јавниот оглас 1/2023 за Основно јавно обвинителство Радовиш. Во претставката појаснува дека изборот на кадидат по огласот се спровел во три фази. Во првата, врз основа на бодови по административна селекција, таа била рангирана на прво место со 20,71 бодови, за разлика од другата кандидатка, која по тој основ освоила 12,99 бодови. По спроведениот стручен испит, подносителката се стекнала со вкупно 43,21 бодови, а во таа фаза од постапката другата кандидатка имала вкупно 34,24 бодови. Последната фаза се состоела од интервју, кое се спровело на 05.02.2024 година. Подносителката појаснува дека на интервјуто покажала одлично знаење, но и покрај тоа ѝ било поставено следното прашање: *„Барам кандидатот да каже овде јавно пред целата Комисија дали е во роднински врски со основната јавна обвинителка во Радовиш?“* Подносителката тврди дека во тој момент било сосем извесно дека таа треба да биде избрана како најдобра кандидатка. Според неа наведеното прашање било тенденциозно поставено, со цел да биде претставена како роднина на јавната обвинителка во Радовиш и на тој начин елиминирана. На интервјуто подносителката добила 10 поени, додека другата кандидатка добила 20 поени, односно максималниот број на предвидени поени. Подносителката појаснува дека јавната обвинителка во Радовиш и нејзиниот татко се

презиваат Стевчеви, но и покрај тоа дека не постои роднинска врска која би била пречка за избор на конкретната позиција за која што аплицирала. Според неа роднинската врска не се утврдува врз основа на субјективни искази, туку врз основа на веродостојни документи. Поради тоа таа смета дека е дискриминирана по основ на род и родов идентитет, со невистинито претставување на пресудна роднинска врска која би била пречка за нејзиниот избор и како резултат на тоа елиминирана од процесот.

За потврда на наводите во прилог на претставката беа доставени следните докази: Ранг листи на кандидати за јавен оглас 1/2023 со бр. 04 – 574/31 од Комисиите за селекција на Јавното обвинителство на РСМ; Ранг листи на кандидати за јавен оглас 1/2023 со бр. 04 – 574/33 од Комисиите за селекција на Јавното обвинителство на РСМ; Ранг листи на кандидати за јавен оглас 1/2023 со бр. 04 – 574/35 од Комисиите за селекција на Јавното обвинителство на РСМ; Одлука за избор на кандидат по пат на јавен оглас со бр. 21/24 на основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш и Жалба од Марија Ивановиќ ди Советот на јавнообвинителската служба.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 22.02.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 256/2 до Јавното обвинителство на РСМ.

На 05.03.2024 година, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше примен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 256/3 од Јавното обвинителство на РСМ – Комисија за селекција при вработување. Со поднесокот се истакнува дека постапкатата за селекција на кандидатите за вработување на јавен оглас 1/2023 година во Јавното обвинителство на РСМ била спроведена во целост согласно одредбите од Законот за јавнообвинителска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, соодветно бодирање на меѓународните сертификати, начинот на спроведување на административната селекција, испитите, проверката на веродостојноста на докази и интервјуто, тестот на личност, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за селекција. Во однос на конкретното работно место – помлад јавнообвинителски соработник за казнено право во Основното јавно обвинителство Радовиш појаснуваат дека се пријавиле 6 кандидати, од кои четворица не ја поминале административната селекција. Останатите две кандидатки биле рангирани согласно бодовите за формално и неформално образование, доказ за познавање на странски јазик и компјутерски програми за канцелариско работење. Потоа бил организиран испит за јавнообвинителски службеник со комбинација на прашања, кои содржат стручни прашања за познавање на релевантните законски одредби. Последната фаза

од селекцијата – интервјуто, согласно Правилникот, освен стучни содржел и општи ситуациони прашања, како и проценка за владеење на македонскиот јазик на кандидатите. Појаснуваат дека во овој дел, меѓудругото се проверува и етиката, искреноста и чувството на одговорност на кандидатите. Во таа насока истакнуваат дека ѝ било поставено прашањето на подносителката на претставката за евентуална сродност со друг вработен или јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш, кое таа категорично го одрекла. Во поднесокот се образложува дека прашањето немало за цел да ја елиминира кандидатката врз основа на сродство, туку да се провери нејзината искреност како важен дел од етиката на јавнообвинителските службеници. Понатаму се потенцира дека кандидатката во ниту еден момент не изјавила дека е во роднинска врска со основниот јавен обвинител на ОЈО Радовиш и дека таа роднинска врска е далечна и не би требало да влијае на нејзиното вработување, туку таа во целост одрекла било каква роднинска поврзаност. Од друга страна, се потенцира дека конечната одлука за вработување ја носи основниот јавен обвинител на ОЈО Радовиш, која потврдува дека постои далечна роднинска поврзаност со кандидатката. Освен тоа, истакнуваат дека конкретното прашање не било клучно за бодувањето, туку дека кандидатите биле бодувани од сите членови на Комисијата во однос на вкупната презентација на интервјуто по сите основи, при што се потенцира дека бил обезбеден еднаков и фер однос кон кандидатките. Согласно член 36 од Законот за јавнообвинителска служба, Комисијата за селекција има обврска на основниот јавен обвинител на ОЈО Радовиш да му го предложи за вработување најдобро рангираниот кандидат по сите фази од селекцијата, а според член 37, одлуката за вработување ја носи јавниот обвинител на соодветното обвинителство, во случајот ОЈО Радовиш. Врз основа на наведеното тврдат дека претставката на кандидатката за наводна дискриминација по основ на род е целосно неоснована.

По добиените сознанија од поднесокот за произнесување на Јавното обвинителство на РСМ, на 11.02.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување до Основното јавно обвинителство Радовиш.

На 25.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од основен јавен обвинител на ОЈО Радовиш со бр. 08 – 256/5.

Со поднесокот се појаснува дека постапката за селекција по јавниот оглас ја спровела Комисијата за селекција за вработување при Јавното обвинителство на РСМ. Откако Комисијата спровела административна селекција на кандидати, на веб страницата на ЈОРСМ била објавена ранг листа на кандидати кои истата ја поминале, и тоа Марија Ивановиќ и Кристина Поцкова. Имајќи морална обврска како основен јавен обвинител на ОЈО Радовиш, појаснува дека го известила генералниот секретар на ЈОРСМ и претседателот на Комисијата за селекција за вработување на ЈОРСМ дека со кандидатката Марија Ивановиќ по нејзиниот татко е во далечна роднинска врска, но дека сепак немало основ за нејзино изземање во постапката по огласот за

вработување. По спроведената постапка согласно Законот за јавнообвинителска служба, Комисијата за селекција за вработување на ЈОРСМ по спроведеното интервју објавила ранг листа на веб страницата на ЈОРСМ и за најдобар кандидат за работното место била предложена кандидатката Кристина Поцкова. Согласно член 37 од Законот за јавнообвинителска служба, врз основа на предлогот на Комисијата за селекција за вработување на ЈОРСМ, јавната обвинителка донела Одлука за избор на кандидат по пат на јавен оглас А бр. 21/24 од 06.02.2024 година, со која се избрал предложениот кандидат за вработување – Кристина Поцкова.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителката на претставката не го направила веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителката на претставката на посочениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителката треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи**: род и родов идентите **и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителката, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Фактот што подносителката не била избрана за позицијата по јавниот оглас, како и фактот што истата не била оценета со максимален број на бодови не упатуваат на нееднаков или понеповолен третман. Тоа од причина што постапката по јавниот оглас по природа е компетитивна, а со јавниот оглас било предвидено едно работно место за помлад јавнообвинителски соработник за казнено право. Она што дополнително укажува дека не постои понеповолен или нееднаков третман е фактот што надлежната Комисија ја спровела селекцијата на кандидати во унифицирана постапка, под исти услови за кандидатките и ги бодувала кандидатките според истите критериуми. Самите критериуми се поставени така што ќе овозможат бодување на повеќе одделни аспекти на кандидатот, кои земени заедно укажуваат на погодноста и компетенцијата на кандидатот за конкретната работна позиција. Дотолку повеќе што постапката е компетитивна, а самиот неизбор не значи дека некому му е даден поповолен третман, единствено поради тоа што е избран за работната позиција, наспроти оној кој не е избран. Комисијата укажува дека за постоење на дискриминација нужна е поврзаноста на заштитна карактеристика на подносителката со настанатата повреда, односно штетата направена кон подносителката. **Во случајот наведените заштитни карактеристики род и родов идентитет, во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација не кореспондираат со фактичката состојба.** Поради тоа не е докажано дека токму поради родот и родовиот идентитет на подносителката била понеповолно третирана и не била избрана за работното место.

Поради наведеното во случајот не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на род и родов идентите во областа на работата и работните односи од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија – Комисија за селекција за вработување кон Марија Ивановиќ.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- Марија Ивановиќ со адреса на ул. „8-ми Септември" бр. 59, 2420 Радовиш
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија со седиште на кеј Димитар Влахов бр. 23, 1000 Скопје
- Основно јавно обвинителство Радовиш со седиште на ул. „22 Октомври" бб, 2420 Радовиш